# Дневна хемеротека за *17.06.2015г.*

## МИА - *[„Макстил“ ги заврши обврските што произлегуваат од еколошката дозвола]*

СРЕДА, 17 ЈУНИ 2015, 10:08:21

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Економија | „Макстил" ги заврши обврските што произлегуваат од еколошката дозвола

### „Макстил“ ги заврши обврските што произлегуваат од еколошката дозвола

вторник, 16 јуни 2015 15:56



**Скопје, 16 јуни 2015 (МИА)** - Компанијата „Макстил“ денеска соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски од оперативниот план, односно инсталирање на постројка за прифаќање на секундарните емисии од електро-лачната печка, казанската печка и системот за додатоци, спроведување континуиран монито-ринг на сите емисиски точки, изградба на складиште за филтерска прашина и наоѓање реше-ние за нејзино рециклирање и складирање на троската и техничко решение за нејзино ре-циклирање.

- Во духот на преземената обврска за континуирано навремено известување на јавноста, са-каме да информираме дека „Макстил“ ги заокружи сите активности од оперативниот план, со напомена дека мерната станица за амбиентален воздух е набавена, но сè уште не е поставе-

на поради административни проблеми, велат од „Макстил“.

Вредноста на целокупниот план на активности за приспособување кон законските одредби изнесува 22 милиони евра, од кои за четирите последни инвестиции се одвоени 12 милиони евра.

- Битно е да се нагласи дека овој систем претставува исклучително важно и технички комплексно решение и не станува збор само за поставување „обични филтри“ на оџаците во Челичарницата, како што одвреме-навреме се шпекулираше во јавноста, истакнуваат од компанијата додавајќи дека носител на проектот била италијанската фирма СТГ (Текоаер).
бак/вј/**15:53**

# Утрински - *„Макстил“ ги заврши обврските за еколошка дозвола*

17 јуни 2015
10:00
Утрински весник

16.06.2015, 16:43

## „МАКСТИЛ“ ГИ ЗАВРШИ ОБВРСКИТЕ ЗА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА




Компанијата „Макстил“ денеска соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски од оперативниот план, односно инсталирање на постројка за прифаќање на секундарните емисии од електролачната печка, казанската печка и системот за додатоци, спроведување континуиран мониторинг на сите емисиски точки, изградба на складиште за филтерска прашина и наоѓање решение за нејзино рециклирање и складирање на троската и техничко решение за нејзино рециклирање.

- Во духот на преземената обврска за континуирано навремено известување на јавноста, сакаме да информираме дека „Макстил“ ги заокружи сите активности од оперативниот план, со напомена дека мерната станица за амбиентален воздух е набавена, но с? уште не е поставена поради административни проблеми, велат од „Макстил“.

Вредноста на целокупниот план на активности за приспособување кон законските одредби изнесува 22 милиони евра, од кои за четирите последни инвестиции се одвоени 12 милиони евра.

- Битно е да се нагласи дека овој систем претставува исклучително важно и технички комплексно решение и не станува збор само за поставување „обични филтри“ на оџаците во Челичарницата, како што одвреме-навреме се шпекулираше во јавноста, истакнуваат од компанијата додавајќи дека носител на проектот била италијанската фирма СТГ (Текоаер).

## Нова Македонија - *„Макстил“ во целост го исполни ветеното*

Со новата инвестиција металуршкиот гигант ги надмина европските еколошки стандарди

## 24 Вести - *Состојбата во челичната индустрија се влошува*

Нарачките намалени, челичната индустрија се бори да преживее. Од Макстил велат дека ги чуствваат длабоко последиците од седумгодишната криза што ја погоди металургијата, засилена со редуцираните нарачки од Европа.

## МРТ - *Макстил ги заврши активностите за добивање еколошка дозвола*

Целиот процес ја чини компанијата 22 милиони евра. Менаџерскиот тим тврди- мерната станица за амбиентален воздух е набавена, но се уште не е поставена. Со неа ќе се мери загадувањето на воздухот...

## Сител - *„Макстил“ ги заврши обврските што произлегуваат од еколошката дозвола*

Компанијата „Макстил“ денеска соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски ...

## Алфа - „Макстил“ поблиску до А интегриранaта дозвола

„Макстил“ ќе продолжи непречено да работи. Фабриката ги исполни сите потребни услови за да се стекне со А интегрирана еколошка дозвола. „Макстил“ ќе продолжи непречено да работи. Фабриката ги исполни сите потребни услови за да се стекне со А

## Бизнис Инфо - Макстил ги заврши обврските што произлегуваат од еколошката дозвола

Компанијата Макстил ги заврши сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање, пишува Миа. Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски од ...

## Капитал - Макстил ги заврши сите еколошки обврски. Инвестирани се 12 милиони евра!

Компанијата Макстил со инвестирани 12 милиони евра ги исполни сите предвидени еколошки обврски кои им беа наложени од државата.Според мерењата, највисоките дневни емисии од јануари наваму се двојно помали од европските прописи.

## Fox.mk - Заврши изградбата на филтер станицата во скопската железарница

Макстил ги заврши активностите за добивање на еколошката дозвола. Целиот процес ја чини компанијата 22 милиони евра. Менаџерскиот тим тврди- мерната станица за амбиентален воздух е набавена, но се уште не е поставена.

## Економија24 - „Макстил“ ги заврши обврските што произлегуваат од еколошката дозвола

Компанијата „Макстил“ соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски од ...

## Build - Заврши изградбата на филтер станицата во скопската железарница

„Макстил“ ги исполни сите обврски утврдени во рамките на еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Целиот план на активности за приспособување кон законските одредби ја чинеше компанијата 22 милиони евра, ...

## Репортер - *„Макстил“: Завршени се сите обврските што произлегуваат од еколошката дозвола*

Компанијата „Макстил“ денеска соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски ...

## Либертас - *„Макстил“: Завршени се сите обврските што произлегуваат од еколошката дозвола*

Компанијата „Макстил“ денеска соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски ...

## еМагазин - *Макстил заврши со обврските за еколошката дозвола*

Компанијата „Макстил“ денеска соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски ...

## Lider - *„Макстил“ ги заврши обврските што произлегуваат од еколошката дозвола*

Компанијата „Макстил“ денеска соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски ...

## МКД - *Макстил: Ги завршивме сите активности за еколошката дозвола*

Компанијата „Макстил“ денеска информирше дека се завршени останатите четири обврски од оперативниот план, а произлегуваат од активностите за А-интегрирана еколошка дозвола, добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Вечер - [Македонија произведува биогориво од отпад, се бараат само инвеститори!]

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА СП

САЕМ ЗА ЧИСТА ЕНЕРГИЈА

# Македонија произведува биогориво од отпад, се бараат само инвеститори!

16 јуни 2015 - 16:00

**:Отпадот од пластика, гума, биомаса може да стане квалитетно биогориво за автомобили и за индустријата. Постапката е дел од проектот што се реализира на Институтот за хемиско и контролно инженерство при скопскиот Технолошко-металуршки факултет.**



Македонија како земја увозно зависна од нафта и нафтени деривати, иднината треба да ја гледа во сопствено производство на биогориво добиено со преработка на отпад.

Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената идустрија и се она што претставува органски отпад може да биде погодна суровина за добивање на цврсти, течни и гасни горива. Ова го посочува истражувањето и проектот реализиран на Институтот за хемиско и контролно инженерство при Технолошко-металуршкиот факултет. Според професорот Славчо Алексовски цврстиот и течниот органски отпад во Македонија може да најде примена преку негова конверзија во висококалорично гориво.

-За проектот да заживее во праксата неоходни се инвестиции во овој доходовен бизнис, бидејќи вакво дизел гориво може да се добие со преработка на отпад од пластика, гуми и употребувано моторно масло - нагласи Алексовски и додаде дека во Германија, Хрватска во градот Риека и БиХ во Сараево веќе постои вакво производство на биогориво.

За професорот ова само потврдува дека во Македонија отпадот може да најде корисна примена за гориво што потоа ќе се користи во секојдневието.

-Добиеното гориво според неговиот квалитет, почетната суровина може да се користи за автомобилите, во индустријата или како гориво за домаќинствата. Нашата лабораторијата располага со специјална опрема која овозможува да се дојде до вакво гориво - посочи Алексовски на вчерашната презентација на овој интересен проект на Саемот за чиста енергија што по повод Европската недела за енергетска одржливост во Скопје го организираше младинската невладина организација за заштита на животната средина Гоу Грин, фондацијата Конрад Аденауер и Француската амбасада во Македонија.

Тој икажа дека голем предизвик е на се направи гориво од отпад кој често завршува на некоја депонија.

Според експертите тоа е иднината на новите генерации, а според документот на Европската комисија за зелена енергија околу 3 милиони работни места ќе се отворат во секторот за обновлива енергија до 2020 година.

-Ова истовремено преставува можност за нови бизниси и вработувања. Затоа младите треба да се поврзат со компании кои работат со чиста енергија, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност, смета Марко Соколовски од Гоу Грин. ***(В.Ма.)***

## Утрински - [Органскиот отпад, суровина за биогориво]

17 јуни 2015
10:00

**Утрински весник**

16.06.2015, 16:43

### „МАКСТИЛ" ГИ ЗАВРШИ ОБВРСКИТЕ ЗА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА




Компанијата „Макстил" денеска соопшти дека се завршени сите активности кои произлегуваат од еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Од компанијата информираат дека се завршени останатите четири обврски од оперативниот план, односно инсталирање на постројка за прифаќање на секундарните емисии од електролачната печка, казанската печка и системот за додатоци, спроведување континуиран мониторинг на сите емисиски точки, изградба на складиште за филтерска прашина и наоѓање решение за нејзино рециклирање и складирање на троската и техничко решение за нејзино рециклирање.

- Во духот на преземената обврска за континуирано навремено известување на јавноста, сакаме да информираме дека „Макстил" ги заокружи сите активности од оперативниот план, со напомена дека мерната станица за амбиентален воздух е набавена, но с? уште не е поставена поради административни проблеми, велат од „Макстил".

# MIA - Panair për energji të pastër

E MËRKURË, 17 QERSHOR 2015, 10:59:50

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MU

Ballina | Ekologji | Panair për energji të pastër

## Panair për energji të pastër

E martë, 16 Qershor 2015 2015-06-16 1:50:30.MD 13:50



**Shkup, 16 qershor 2015 (MIA)** - Përfaqësuesit nga universitetet dhe kompanitë nga Maqedonia përmes prezantimeve të shkurta të programeve për studime dhe bursa, si dhe për teknologjitë e tyre dhe mundësitë për punësim dhe praktikë të të rinjve do të debatojnë në "Panairin për energji të pastër", që sot dhe nesër mbahet në Shkup, si pjesë nga java evropiane për energji të qëndrueshme.

Në panair, i cili është në organizim të Shoqatës së qytetarëve "Goj Grin", në partneritet me Fondacionin "Konrad Adenauer" dhe Ambasada e Francës në Shkup, të rinjtë mund të lidhen me ndërmarrjet të cilët punojnë në energjinë ripërtëritëse dhe universitetet që ofrojnë studime në këtë fushë dhe të njoftohen me mundësitë për zhvillim akademik dhe profesional.

"Maqedonia varet nga lëndët djegëse fosile dhe 80 për qind nga energjia primare fitohet nga nafta dhe qymyri. Për këtë arsye të rinjtë dhe sistemi arsimor duhet të kenë rëndësi kyçe për tranzicion të suksesshëm energjetik nga lëndët djegëse fosile në burime ripërtëritëse të energjisë. Kemi mjaft universitete të cilët ofrojnë programe studimore për burime ripërtëritëse të energjisë, por kjo nuk është e mjaftueshme", tha Sokolovski.

Ai theksoi se Goj Grin angazhohet për zhvillim të energjisë solare, dhe është kundër ndërtimit të hidroelektraneve të mëdha për shkak të mbrojtjes së mjedisit të jetesës.

Profesori Slavço Aleksovski nga Fakulteti Teknologjiko-Metalurgjik në Shkup theksoi se me problemet e reja arsimore në fakultet janë parapaë edhe lëndë të cilat më shumë merren me burime ripërtëritëse të energjisë dhe mbrojtjes së mjedisit të jetesës, si dhe me përdorimin e bioresurseve që i ka Maqedonia.

"Konversioni i mbeturinave deri në lëndë të dobishme djegëse ka jo vetëm benefit ekologjik, por edhe ekonomik e social. Në fakultet zhvillojmë teknologji të reja të cilat tentojmë t'i implementojmë në disa nga ndërmarrjet ose, t'ua ofrojmë investitorëve", tha Aleksovski. **nh/bsh/13:38**

## Idividi - *Panair për energji të pastër*

## МРТ - *На Технолошко металуршкиот факултет успешно се произведува дизел гориво од отпад*

Од килограм пластични полиетиленски кеси во лабораториски услови биле добиени 1.050 милилитри квалитетно гориво. На Саемот на чиста енергија беа претставени низа иновации во производството на енергија од обновливи извори...

## Sky - *На Технолошко-металуршкиот факултет успешно се произведува дизел-гориво од отпад*

Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената индустрија и сè што претставува органски отпад може да биде погодна суровина за добивање цврсти, течни и гасни горива.

## Пулс24 - *На Технолошко металуршкиот факултет успешно се произведува дизел гориво од отпад*

Овие експерименти покажуваат дека во Македонија отпадот може да најде соодветна преработка во гориво кое може да се употребува за секојдневните потреби. Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената индустрија и се она што ...

## МКД - *Во Скопје, на Технолошко-металуршкиот факултет се произведе дизел гориво од отпад*

Истражувањата направени на Институтот за хемиско и контролно инженерство на Технолошко – металуршкиот факултет во Скопје, уште еднаш потврдија дека цврстиот и течен органски отпад во Македонија може да најде своја соодветна примена преку

## еМагазин - *На Технолошко металуршкиот факултет успешно се произведува дизел гориво од отпад*

Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената индустрија и се она што претставува органски отпад може да биде погодна суровина за добивање на цврсти, течни и гасни горива.

## Fox.mk - *На Технолошко металуршкиот факултет успешно се произведува дизел гориво од отпад*

Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената индустрија и се она што претставува органски отпад може да биде погодна суровина за добивање на цврсти, течни и гасни горива.

## Lider - *На Технолошко металуршкиот факултет успешно се произведува дизел гориво од отпад*

Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената индустрија и се она што претставува органски отпад може да биде погодна суровина за добивање на цврсти, течни и гасни горива.

## Фактор - *На Технолошко металуршкиот факултет успешно се произведува дизел гориво од отпад*

Овие експерименти покажуваат дека во Македонија отпадот може да најде соодветна преработка во гориво кое може да се употребува за секојдневните потреби. Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената индустрија и се она што ...

## Бизнис Инфо - *На Технолошко металуршкиот факултет успешно се произведува дизел гориво од отпад*

Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената индустрија и сè она што претставува органски отпад може да биде погодна суровина за добивање на цврсти, течни и гасни горива.

## Бизнис Вести - *На Технолошко металуршкиот факултет успешно се произведува дизел гориво од отпад*

Овие експерименти покажуваат дека во Македонија отпадот може да најде соодветна преработка во гориво кое може да се употребува за секојдневните потреби. Пластиката, гумата, биомасата, моторните масла, маслата од прехранбената индустрија

## МИА – [Во Велес едукаивна работилница за одржлива енергетска иднина]

СРЕДА, 17 ЈУНИ 2015, 10:05:14

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Економија

### Во Велес едукативна работилница за одржлива енергетска иднина

вторник, 16 јуни 2015 15:36




**Велес, 16 јуни 2015 (МИА)** - Со едукативна работилница „Одржлива енергетска иднина за бизнисите и општините во Македонија", во организација на Вардарскиот плански регион и неколку невладини организации денеска во Велес започна одбележувањето на Европската недела на одржлива енергија.

- Целите на овие работилници се зголемување на свеста меѓу засегнатите страни за постојната правна рамка за оддржливо користење на енергијата и обврските кои се дефинираат за јавниот и приватниот сектор. Покрај тоа нудат можност и за размена на информации за тековни иницијативи и проекти на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во јавниот и приватниот сектор и добри практики од полето на управување со енергија, изјави Светлана Петровска од ЦеПро САРД.

Таа нагласи дека вакви едукативни работилници ќе се одржат утре во Тетово и в петок во Скопје.

## OhridNews - Охрид СОС организира акција за чистење на охридското крајбрежје на првиот ден од летото

OHRIDNEWS.com информирај се

АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА
партнер

ВЕСТИ СПОРТ ЗАНИМЛИВОСТИ КУЛТУРА ПРАЗНИЦИ ОТВОРЕНА

ОГЛАСИ Во тек е пријавување на екипи за 41-ви турнир во мал фудбал „ПЕТРОВДЕН" - М Е Ш Е И Ш

### Охрид СОС организира акција за чистење на охридското крајбрежје на првиот ден од летото

Вести | Охрид | 15.06.2015 13:21 Посети : 325

Активистите на граѓанската иницијатива Охрид СОС ги повикуваат граѓаните на заедничка акција за чистење на охридското крајбрежје на 21- ви јуни, првиот ден од летото и Денот на езерото.



- **Нашите волонтери ќе чистат во реонот на Студенчишко Блато, но сметаме дека сите плажи кои се користат во текот на летната туристичка сезона треба да бидат цел на оваа акција. Од таа причина ги каниме локалните месни заедници да ни се приклучат така што ќе ги активираат своите жители за чистење на плажите во своите заедници. Заеднички да покажеме дека сме освестени за природата што нѐ опкружува, дека сме свесни за огромната одговорност, дека вистински се грижиме за нашето светски признато природно и културно наследство и дека ни е важно какво ќе им го оставиме на наредните генерации**, велат од Охрид СОС.

Засега е потврдено вклучувањето во акцијата на МЗ Лагадин, каде што освен што ќе се чистат локалните плажи, ќе има и мала изложба на уметнички дела со природата на Охрид и езерото како инспирација.

Заинтересираните месни заедници можат да се пријават на телефонските броеви 078 369 445 и 078 272 664.

Од Охрид СОС со порака: Да запомниме – ние не ѝ требаме на природата, таа ни треба нам!

## Спектра ТВ - *„Охрид SOS“ ќе организира акција за чистење на крајбрежјето на Охридското Езеро*

Иницијативата „Охрид SOS“ праќа апел за вклучување на месните заедници од охридско-струшкиот регион во голема акција за чистење на крајбрежјето на 21 јуни. Активистите на граѓанската иницијатива „Охрид SOS“ повикуваат на заедничка акција за чистење

## Пулс24 - *Јавен повик за заедничка акција на месните заедници од охридско-струшкиот регион и Охрид SOS*

Активистите на граѓанската иницијатива Охрид SOS ве повикуваат на заедничка акција за чистење на охридското крајбрежје на 21 јуни 2015 г. – првиот ден од летото и Денот на езерото. Нашите волонтери ќе чистат во реонот на Студенчишко Блато, но ...

## +инфо - *Активисти повикуваат на масовна акција за чистење на охридското крајбрежје*

Активистите на граѓанската иницијатива „Охрид SOS“ организираат акција за чистење на охридското крајбрежје на 21 јуни, првиот ден од летото и Денот на езерото. Се надеваат дека во чистењето на Студенчишко Блато ќе им се приклучат и голем број ...